ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески, Заменик претседател на Владата на Република Македонија и министер за финансии
Недим Рамизи, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
Сузана Пенева, раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Министерство за финансии
м-р Маја Богдановска – Стојаноска, раководител на Сектор за трезор, Министерство за финансии

Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга

Скопје, јули 2009

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. _________
____________ Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Европската банка за обнова и развој, по договорот за кредит за Проектот за унапредување на цивилната воздушна пловидба што го утврди на седница ______________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени, м-р Зоран Ставрески, Заменик претседател на Владата на Република Македонија и министер за финансии и заменик – министерот за финансии, Недим Рамизи, а за повереници, Сузана Пенева, раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Министерство за финансии и м-р Маја Богдановска – Стојаноска, раководител на Сектор за трезор, Министерство за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга е усвоен од страна на Собранието на Република Македонија и објавен во Службениот весник на Република Македонија бр.107/2000 од 19.12.2000 година. Република Македонија и ЕБОР склучија Договор за кредит во износ 20,800,000 ЕВРА на 22.09.2000 година.

Целта на овој Проект беше овозможување на реализација на Проектот за водоснабдување, наводнување и третман на отпадни води во 6 општини во Република Македонија, со цел решавање на долгогодишниот проблем на снабдување со чиста вода за пиење. Истовремено, Проектот беше насочен кон реконструкција и модернизација на водоводната мрежа и резервоарите за вода, како и доопремување на пумпните станици и на пречистителните станици за вода, изградба, санација и проширување на мрежата за наводнување на земјоделското земјиште со цел оптимално наводнување на земјоделските површини во текот на целата година, независно од временските услови. Дополнително, Проектот имаше за цел да го реши и третманот на отпадните води и да го намали загадувањето на животната средина во 6 општини. Крајни корисници на кредитот се јавните претпријатија за водоснабдување во следните општини: ЈП Водовод – Куманово, ЈКП Дервен - Велес, ЈП Исар – Штип, ЈПКД Комуналец – Струмица и МЈП Проаква - Охрид/Струга.

Согласно член 5 од горенаведениот Закон, кредитот од ЕБОР треба да го отплаќаат горенаведените јавни претпријатија од приходите кои ги остваруваат. За таа цел Министерството за финансии склучи проектни (под)договори за заем со проектните претпријатија и општините. Овие (под)договори беа предуслов да се одобри заемот, како начин дека секое проектно претпријатие, односно проектна општина, ќе ги исполни обврските предвидени во Договорот за заем. Согласно член 6 од Законот за задолжување, доколку пристигнатите ануитети во роковите утврдени во (под)договорите, во име на крајните корисници ги плати Република Македонија, министерот за финансии, по 30 дена од денот на извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе издаде налог на Заводот за платен промет или на деловната банка, каде што крајните корисници имаа сметка да пренесе од сметката на крајниот корисник на кредитот во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и трошоците. Ваква одредба содржат и (под)договорите за заем, односно Дел 3.11 од истите.

Овој начин на наплата на извршените обврски во име на крајните корисници од страна на Буџетот на Република Македонија во постојната законска регулатива е несоодветен, односно неможе да се примени. Досега, Република Македонија во име на одредени проектни претпријатија изврши плаќање на обврските, без можност истите да ги врати во корист на сметката на приходите на Буџетот.

За таа цел, потребно е да се направи измена на проектните (под)договори за заем во насока на измена на начинот на наплата на обврските, кои ги имаат проектните претпријатија, а кои во нивно име ги има платено Република Македонија, во согласност со постојната законска регулатива. Оваа измена е потребна со цел утврдување на нов начин на плаќање на недоспеаните износи, како и утврдување на репрограм на неизмирените доспеани обврски од страна на проектните претпријатија кон Министерството за финансии. На тој начин ќе се формира механизам за наплата на обврските, кои ги имаат проектните претпријатија, односно проектните општини, а кои се платени или во иднина ќе бидат платени од страна на Република Македонија.

Измената на (под)договорите за заем, неминовно бара измена на Законот за задолжување, односно измена на член 6 од горенаведениот Закон, поради фактот што начинот на наплата на обврските кои Република Македонија ги има извршено во име на одредено проектно претпријатие, регулиран со овој член е неприменлив.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Целта на овој предлог закон е воспоставување на нов начин на наплата на побарувањата, кои ги има Министерството за финансии од проектните претпријатија/проектните општини по основ на Договорот за кредит за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга, а кои се платени од страна на Република Македонија. Оттука, се јавува потребата за утврдување на нов начин на наплата на недоспеаните износи, како и утврдување на репрограм на неизмирените доспеани обврски од страна на проектните претпријатија, односно проектната општина спрема Министерството за финансии.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на Закон е сигурност и намирување во рок од 30 дена на обврските од страна на проектните претпријатија и проектните општини, кои во нивно име ги плаќа Република Македонија.

Начинот на наплата на извршените обврски во име на крајните корисници од страна на Буџетот на Република Македонија предвиден со член 6 од Законот за задолжување и (под)договорите за заем со проектните претпријатија/проектните општини е несоодветен, односно не може да се примени. Досега, Република Македонија во име на одредени проектни претпријатија изврши плаќање на обврските, без можност истите да ги врати во корист на сметката на приходите на Буџетот.

За таа цел, потребно е да се направи измена на проектните (под)договори за заем во насока на измена на начинот на наплата на обврските, кои ги имаат проектните претпријатија, а кои во нивно име ги има платено Република Македонија, во согласност со постојната законска регулатива. Измената на (под)договорите за заем, неминовно бара измена на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга, односно измена на член 6 од горенаведениот Закон, поради фактот што начинот на наплата на обврските кои Република Македонија ги има извршено во име на одредено проектно претпријатие, регулиран со овој закон е неприменлив.

Со предложената измена на овој Закон, ќе се овозможи соодветна примена на формите на наплата на побарувањата предвидени во Законот за јавен долг (Службен весник на Република Македонија бр. 62/05 и бр.88/08).

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Предлогот на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга, односно новиот механизам за наплата на обврските, кои во име на проектните претпријатија/проектните општини ги има подмирено Република Македонија, ќе обезбедат приход на сметка на Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Предлогот на закон за изменување на овој Законот за задолжување, односно новиот механизам за наплата на обврските кои во име на проектните претпријатија/проектните општини ги има подмирено Република Македонија, нема да предизвика дополнителни материјални обврски за проектните претпријатија/проектните општини од оние кои се веќе предвидени со Законот за задолжување и проектните (под)договори.

Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга

Член 1

Во Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга ("Службен весник на Република Македонија" бр.107/2000), членот 6 се менува и гласи:

"(1) Во случај Република Македонија преку Министерството за финансии, во име на крајните корисници да изврши плаќање на пресметаните ануитети утврдени согласно договорите склучени со Министерството за финансии, Министерството за финансии има право на наплата на доспеаното побарување кое вклучува главнина, камата, затезна камата и други трошоци настанати заради неможност на крајниот корисник на кредитот да изврши сервисирање на обврската настаната на датумот на пристигнување и во рок од 30 дена да ги примени мерките на наплата на средствата од општината/општините основачи на јавните претпријатија согласно Законот за јавен долг.

(2) Министерството за финансии, за доспеаните обврски по основ на кои извршило плаќање, може за наплата на доспеаните побарувања од крајните корисници на кредитот, да им овозможи репрограм на долгот, со рок на отплата до 36 месечни рати и пресметка на редовна камата, во висина на есконтната каматна стапка на Народната банка на Република Македонија."

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Согласно член 5 од горенаведениот Закон за задолжување, кредитот од ЕБОР треба да го отплаќаат јавни претпријатија, корисници на кредитот, од приходите кои ги остваруваат. За таа цел, Министерството за финансии склучи проектни (под)договори за заем со проектните претпријатија и општините. Овие (под)договори беа предуслов да се одобри заемот, како начин дека секое проектно претпријатие ќе ги исполни обврските предвидени во Договорот за заем. Согласно член 6 од законот за задолжување, доколку пристигнатите ануитети во роковите утврдени во (под)договорите, во име на крајните корисници ги плати Република Македонија, министерот за финансии, по 30 дена од денот на извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе издаде налог на Заводот за платен промет или на деловната банка, каде што крајните корисници имаа сметка да пренесе од сметката на крајниот корисник на кредитот во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и трошоците. Ваква одредба содржат и (под)договорите за заем, односно Дел 3.11 од истите.

Овој начин на наплата на извршените обврски во име на крајните корисници од страна на Буџетот на Република Македонија во постојната законска регулатива е несоодветен, односно неможе да се примени. Досега, Република Македонија во име на одредени проектни претпријатија изврши плаќање на обврските, без можност истите да ги врати во корист на сметката на приходите на Буџетот.

За таа цел, потребно е да се направи измена на проектните (под)договори за заем во насока на измена на начинот на наплата на обврските, кои ги имаат проектните претпријатија, а кои во нивно име ги има платено Република Македонија, во согласност со постојната законска регулатива. Измената на (под)договорите за заем, неминовно бара измена на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга, односно измена на член 6 од горенаведениот Закон, поради фактот што начинот на наплата на обврските кои Република Македонија ги има извршено во име на одредено проектно претпријатие, регулиран со овој член е неприменлив.

Новиот начин на наплата на обврските, кој е цел на овој предлог закон е целосно усогласен со Законот за јавен долг (Службен весник на Република Македонија бр. .62/05 и бр.88/08). Оттука, новиот начин на наплата на обврските на проектите претпријатија/проектните општини, кои во нивно име ги има платено Република Македонија ги вклучува следните одредби:

1. Во случај Република Македонија преку Министерството за финансии, во име на крајните корисници да изврши плаќање на пресметаните ануитети утврдени согласно договорите склучени со Министерството за финансии, Министерството за финансии има право на наплата на доспеаното побарување кое вклучува главнина, камата, затезна камата и други трошоци настанати заради неможност на крајниот корисник на кредитот да изврши сервисирање на обврската настаната на датумот на пристигнување и во рок од 30 дена да ги примени мерките на наплата на средствата од општината/општините основачи на јавните претпријатија согласно Законот за јавен долг.

Овој став подразбира дека Министерството за финансии има право:

- во рок од 30 дена од доспеаната обврска, да насочи средства од буџетската сметка на општината/општините основач/и на јавното претпријатие, на сметката на Буџетот на Република Македонија, до износ потребен за наплата на побарувањето; и/или
- да задржи дел од дотациите кои треба да се распределат на општината/општините, до износ потребен за наплата на побарувањето.

2. Министерството за финансии, за доспеаните обврски по основ на кои извршило плаќање, може за наплата на доспеаните побарувања од крајните корисници на кредитот, да им

овозможи репрограм на долгот, со рок на отплата до 36 месечни рати и пресметка на редовна камата, во висина на есконтната каматна стапка на Народната банка на Република Македонија.

Овој став ќе овозможи нова динамика на измирување на досегашните кумулирани обврски од страна на крајните корисници на кредитот, согласно висината на нивните реални приходи.

Измената на (под)договорите за заем со горенаведените одредби, неминовно бара измена на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга, односно измена на член 6 од горенаведениот Закон, поради фактот што начинот на наплата на обврските кои Република Македонија ги има извршено или ќе ги изврши во име на одредено проектно претпријатие, регулиран со овој член е неприменлив.

Оттука, се јавува потребата од донесување на Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби имаат за цел утврдување на нов начин на наплата на недоспеаните износи, како и утврдување на репрограм на неизмирените доспеани обврски од страна на проектните претпријатија, односно проектната општина спрема Министерството за финансии. Со предложените одредби ќе се воспостави нов ефикасен механизам, усогласен со постојната законската регулатива, кој ќе овозможи наплата на обврските на проектните претпријатија/проектите општини, кои во нивно име ги плаќа Република Македонија.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Со измените и дополнувањата на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга, ќе се овозможи измена на (под)договорите за заем со проектните претпријатија и проектните општини. На тој начин ќе се овозможи утврдување на нова начин на наплата на недоспеаните износи, како и утврдување на репрограм на неизмирените доспеани обврски од страна на проектните претпријатија, односно проектната општина спрема Министерството за финансии. Последователно, Република Македонија ќе може да оствари наплата на своите побарувања од страна на проектните претпријатија, односно проектните општини, во корист на приходите на Буџетот на Република Македонија.

Извод од одредбите на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга

Член 6

Доколку пристигнатите ануитети во роковите утврдени со Договорите, во име на крајните корисници ги плати Република Македонија, министерот за финансии, по 30 дена од денот на извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе издаде налог на Заводот за платен промет или на деловната банка, каде што крајните корисници имаат денарска сметка да пренесе од сметката на крајниот корисник на кредитот во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за трошоците.

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ

<table>
<tr><td colspan="2">1. Назив на предлогот: Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европска банка за обнова и развој (ЕБОР) по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга</td><td colspan="4">2. Министерство / орган на државна управа: Министерство за финансии</td></tr>
<tr><td colspan="2">3 Цел на предлогот: Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европска банка за обнова и развој (ЕБОР) по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга</td><td colspan="4">4 Вид на предлог: Предлог на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европска банка за обнова и развој (ЕБОР) по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга</td></tr>
<tr><td colspan="2">5. Контакт лице и звање:<br>Сузана Пенева, раководител на сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии<br><br>Маја Богдановска – Стојаноска, раководител на Сектор трезор</td><td colspan="4">6. Контакт тел./факс или е-пошта:<br>тел: 3132-245; 23106-454; факс:2 3106 140;<br>Suzana.Stoimceva@finance.gov.mk;<br><br>тел. 3106 164<br>maja.bogdanovska@finance.gov,mk</td></tr>
<tr><td colspan="6">7. Активност:</td></tr>
<tr><td colspan="6">8. Вид на барање: ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br>( ) Друга нова регулатива<br>( ) Нова програма<br>( ) Зголемување / намалување на постоечка програма<br>( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми</td></tr>
<tr><td colspan="6">9. Цел на барањето / предложената активност: Оваа измена е потребна со цел утврдување на нов начин на наплата на недоспеаните износи, како и утврдување на репрограм на неизмирените доспеани обврски од страна на проектните претпријатија, односно проектната општина спрема Министерството за финансии. На тој начин ќе се формира механизам за наплата на обврските, кои ги имаат проектните претпријатија, а кои се платени или во иднина ќе бидат платени од страна на Република Македонија.</td></tr>
<tr><td colspan="6">10. Врска со владината програма:</td></tr>
<tr><td rowspan="2">11. Фискални импликации:</td><td colspan="5">(во илјади денари)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Тековна год.</td><td>Втора год.</td><td>Трета год.</td><td>Четврта год.</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| I. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| II. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| III. Промена (разлика) од одобрените средства (А–Б)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| IV. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| V. Нето имликации на средствата на органот (В–Г)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Ѓ. Зголемување / намалување на приходите | | | | |
| VI. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:<br>______________________________ | | | | |
| 12. Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |

| | |
|---|---|
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Е) | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | Предлогот на закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга, односно новиот механизам за наплата на обврските кои во име на проектните претпријатија/проектните општини ги има подмирено Република Македонија, нема да предизвика фискални импликации во Буџетот на Република Македонија. Напротив, новиот механизам ќе обезбеди приход на сметка на Буџетот на Република Македонија, поради наплатата на обврските по однос на заемот од страна на проектните претпријатија и проектните општини. |
| 15. Дата на завршување на проценката | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии: | |
| 19. Одговор на министерството-предлагач: | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |

22. Одобрено/ Дата:

| ________________________ | __________ | ______________ | ________ |
|---|---|---|---|
| потпис на државен секретар или директор на орган | ден/месец /година | потпис на министер | ден /месец/ година |